**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 август 2025 година**

Скопје, август 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 август 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Радослав Настасијевиќ-Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваше и д-р Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, Нуредин Фетаи, В.Д. директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 97-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година

1. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2024 година

2. Информација за зголемување на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

3. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема“

4. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година

5. Информација во врска со потребата од ургентна набавка на вкупно 62 возила (55 мали и 7 големи комерцијални товарни возила фургон) за обнова на возниот парк на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со Образец за проценка на фискални импликации

6. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредните години за спроведување на постапка за јавна набавка за услуги за физичко обезбедување во технолошките индустриски развојни зони

7. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за Ресертификација за ИСО 9001:2015 и ИСО 37001:2016

8. Информација за склучување на Договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Џагатај кабло отомотив електрик Системлери ДООЕЛ Илинден и Компанијата Џагатај кабло санаји ве тиџарет А.Д. (ÇAĞATAY KABLO SANAYİ VE TİCARET A.Ş.), со Предлог-одлука

9. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог-анекс Договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.09-795/1 од 28.4.2015 година, солемнизиран кај нотар Искра Кировска од Штип под ОДУ 207/2015 на 28.4.2015 година, вклучително со Анекс-договор бр.1 заведен под арх.бр.09-1660/1 од 29.11.2016 година, солемнизиран кај нотар Искра Кировска од Штип под ОДУ 701/2016 на 30.11.2016 година, склучени помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Штип, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство Кондево РГ ДООЕЛ Скопје како закупопримач, со предлог-одлуки

10. Информација во врска со Предлог-анекс Договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.12-710/1 од 26.4.2024 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, под ОДУ број 1492/24 на 13.12.2024 година, вклучително со Анекс-договор бр.1 заведен под арх.бр.12-199/1 од 16.1.2025 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, под ОДУ број 50/24 на 17.1.2025 година, склучени помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Шахтерм МК ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, со текст на Предлог-анекс Договор бр.2 и предлог – одлуки

11. Информација во врска со Предлог-анекс Договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.12-751/1 од 17.5.2024 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје под ОДУ број 528/24 на 17.5.2024 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг Енерго систем инсталации ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Предлог – одлука

12. Информација за отпочнување на постапка за спогодбено раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фото напонска електроцентрала во технолошка индустриска развојна зона Струга бр.05-129/16 од 2.5.2024 година, со Предлог-одлука

13. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

14. Извештај за работата на Технолошко индустриските развојни зони за период од 1 јануари 2024 до 31 декември 2024

15. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2024 година

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2025 година

17. Годишен извештај за работата на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2024 година

18. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2024 година

19. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (5 патнички моторни возила)

20. Предлог-одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

21. Предлог-одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје (недвижна ствар–стан, кој се наоѓа на ул. „Радушка“ бр.14А во Скопје, на КП бр.6206/3, КО Ѓорче Петров 6-Ѓорче Петров)

22. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект ГП 3.9 Реонски Центар Аеродром во Скопје

23. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станови, локали, магацини и паркинг места во подрум бр.02-4407/3-1 од 18.5.2020 година и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект ГП 1.12 Реонски центар Аеродром во Скопје бр.02-4407/3-2 од 18.5.2020 година

24. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул. „Карпош Војвода“ бр.1, влез 5, кат 5, стан бр.26 запишан во Имотен лист бр. 100104, на КП 5406/4, КО Охрид 4)

25. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул. „Карпош Војвода“ бр.1, влез 5, кат 5, стан бр.25, Имотен лист бр.100104 на КП бр. 5406/4 за КО Охрид 4)

26. Предлог–одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила, за старо железо)

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта

28. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумнаесеттата одлука)

29. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

30. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на енергија „ЦММ енерѓи компани“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

31. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствар на Општина Радовиш

32. Извештај за извршени преговори за усогласениот текст на Конвенцијата за Бирото на Европската конференција за цивилно воздухопловство, со усогласен текст на Конвенцијата

33. Информација во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство на електрична енергија М енерџи гроуп Ник ДОО Штип, Друштвото за производство трговија и услуги Дам енерџи ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство на електрична енергија Биг мега Македонија - Штип солар ОНЕ ДООЕЛ Скопје, со предлог – одлуки

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живорад Гелов, ул. „Никола Карев“ бр.9, Росоман, со Предлог-одлука

35. Информација за отпочнување на проект финансиран од Зелениот климатски фонд– Подобрување на отпорноста во Република Северна Македонија преку интегрирање на адаптацијата во процесите на планирање, односно подготовка на Национален план за адаптација, со усогласен текст на Меморандум

36. Предлог-одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во меѓународното здружение за развој

37. Предлог–одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина–варовник на локалитетот „с.Бороец“, Општина Струга од Трговското услужно друштво Ам-ис транс увоз-извоз, с.Велешта, Струга ДООЕЛ на Трговското друштво за производство трговија и услуги Номас 79 ДООЕЛ, увоз-извоз Охрид

38. Информација за поништување на Државна урбанистичка планска документација за изработка на бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М1, м.в. „Чукур Балар“, КО Караслари–Општина Велес, одобрена со Решение бр.16-3692/3 од 4.10.2011 година

39. Извештај за извршени преговори помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај и Меморандум за разбирање помеѓу воздухопловните власти на Обединетото

Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба и усогласен текст на Меморандум

40. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект доставено од ДПТУ ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци, со Предлог–одлука

41. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект ФЕЦ Битола 1 на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, со Предлог–одлука

42. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од ДПЕ Сушево 1 ДОО Скопје, со Предлог–одлука

43. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од ДППЕЕОИ Еуроеса Енерџи ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

44. Информацијата во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Грандсолар увоз-извоз ДОО Скопје, Друштвото за производство, трговија и услуги Алба енерги груп ДООЕЛ – Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Хек солар МК ДОО Негрево Пехчево, со предлог-одлуки

45. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од  Друштвото за производство на енергија М енерџи гроуп НИК ДОО Штип, со Предлог-одлука

46. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на енергетски објект ФЕЦ Долани на Друштвото за производство на електрична енергија Биг енерџи солутионс ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

47. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година

48. Предлог–одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–кварц на локалитетот „Остреж", Општина Штип

49. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавното претпријатие „Камена Река"- Македонска Каменица

50. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

51. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром

52. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари (возила) за потребите на Министерството за правда, со Предлог-одлука

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено поправната установа – Казнено поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес (скенер за преглед на содржина на пратки)

54. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики

55. Информација со предлог на Национален акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија (2025-2029), со текст на Национален акциски план

56. Информација за одржување на „Детската недела“ со конкретни решенија за спроведување на истата

57. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца–детска градинка „Аља”–Тетово, со Предлог-одлука

58. Информација за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, согласно член 10 став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение

59. Информација за состојбата на лицата кои живеат во поранешниот објект на ЈУ Завод за згрижување, воспитување и ресоцијализација на деца и младинци „Ранка Милановиќ" Гази Баба, Скопје

60. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2025 година

61. Предлог–одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државно музичко училиште – Битола)

62. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Тихомир Милошевски“ Скопје)

63. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“ с. Црнилиште, Долнени)

64. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден, Илинден)

65. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе)

66. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински“) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Владо Тасевски“)

67. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ОУ „Лирија“, с.Горно Јаболчиште)

68. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Христо Узунов“)

69. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ п.о. Василево)

70. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тоде Хаџи – Тефов“ Кавадарци)

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино)

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Братство-Единство“, с. Средно Коњари)

73. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с.Доброште-Теарце) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Еќрем Чабеј“, с.Слатино, Теарце)

74. Предлог на закон за Инспекторат за државни инсигнии, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

75. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

76. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

77. Извештај за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021 година - јуни 2025 година и Извештај за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јануари 2025 година - јуни 2025 година

78. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10040, за КО Илинден, на КП бр.2438/41, викано место/улица „Барутница“

79. Кадровски прашања

80. Прашања и предлози

81. Информација во врска со можноста за проширување на дефиницијата за крајни корисници на средства од кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва воспоставена во Развојната банка на Северна Македонија со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија

82. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2024 година

83. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2024 година

84. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија

85. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2024 година, со Ревидиран финансиски извештај

86. Извештај за реализацијата на Судскиот буџет за 2024 година

87. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, за првото тромесечје, од 1 јануари – 31 март 2025 година

88. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП ,,Национални шуми,“ - Скопје, за период јануари - март 2025 година, со дополнување

89. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, за прв квартал 2025 година

90. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври-декември 2024 година, со дополнување

91. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година

92. Акциски план со точно утврдени активности на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., по препорака од Државниот завод за ревизија

93. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за периодот 1.1-31.3.2025 година

94. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ за периодот јануари–март 2025 година

95. Годишен извештај на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2024 година

96. Акциски план за преземени мерки по препораките од конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерство за финансии-Биро за јавни набавки

97. Извештај за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2024 година

98. Извештај на Одборот за надзор на материјално финансиско работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, од извршениот надзор на материјално финансиското работење на Институтот, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година

99. Извештај за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2024 година

100. Предлог-одлука за продажба на движни ствари и Предлог- за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

101. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година

102. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година, со дополнување и Предлог - одлука

103. Барање согласност на Ценовник за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., со Предлог-одлука

104. Предлог-одлука за продажба на движни ствари-меркантилна пченица

105. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ORION 25“, во Република Грција

106. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО активноста „Forward Land Forces-FLF“ во Република Летонија

107. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“, во Република Косово

108. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces-FLF“, во Република Бугарија

109. Предлог-одлука за реализација на НАТО вежбовна активност „Штабна вежба за нуклеарно командување, контрола и известување 25“ во Република Северна Македонија

110. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Ma-ple Arch 25“, во Република Полска

111. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CYBER COALITION 25“, во Република Естонија

112. Предлог–одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

113. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Talos 25“, во Република Грција

114. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CAMBRIAN PATROL 25“ во Обединетото Кралство

115. Предлог-одлука за реализација на вежба за „Кризен менаџмент со краток временски рок на активирање 25“ во Република Северна Македонија

116. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН“ ДОО Скопје со седиште на ул.„Борис Трајковски“ бр.198 Скопје-Кисела Вода за уплатно-исплатното место во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Карл Либкнехт“ бр.58А, Гази Баба Скопје

117. Информација за модернизација на радиолошките услуги во јавно здравство

118. Информација за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со Предлог – решение

119. Информација за давање мислење за основање на Општинско основно училиште „Азем Марана“, с.Моране, Општина Студеничани

120. Предлог–одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година

121. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

122. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

123. Информација за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со ревидиран Оперативен план

124. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2025 година, бр.50-4768/5 од 5.6.2025 година

125. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово

126. Предлог-одлука за престанок на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје

127. Извештај за завршени преговори за склучување на договор за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Германскиот археолошки институт, со усогласен текст на Договор

128. Информација за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерството за економија и труд, со Предлог-одлука

129. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

*
*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство да направи детална

финансиска анализа во однос на зголемување на висината на надоместоците за спроведување на активностите од јавен интерес и да направи нови дополнителни фискални импликации кои ќе бидат земени во предвид за проекциите на Предлогот на буџет за 2026 година.

Истовремено, да се има во предвид укажувањето на Министерството за финансии, при реализација на мерките и активностите од областа на програмите за заштита на животните, Агенцијата да ги користи средствата од сопствените сметки (631).

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за здравство во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Управата за електронско здравство, Институтот за јавно здравје и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со Јавната здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија во комбинација со компјутерска томографија и Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација, Институтот за јавно здравје и Управата за електронско здравство, Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ Скопје, Јавната здравствена установа Универзитетски институт за прозитронско-емисиона томографија во комбинација со компјутерска томографија, Јавната здравствена установа Клиничка болница Битола, Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово, Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, Јавната здравствена установа Општа болница Кочани, Јавната здравствена установа Општа болница Прилеп, Јавната здравствена установа Општа болница Гевгелија, Јавната здравствена установа Општа болница Куманово, Јавната здравствена установа Општа болница Струмица и Јавната здравствена установа Специјална болница за превенција, лекување и рехабилитација за кардиоваскуларни заболувања Охрид, а му се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да подготват акциски планови со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од ургентна набавка на вкупно 62 возила (55 мали и 7 големи комерцијални товарни возила фургон) за обнова на возниот парк на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, со Образец за проценка на фискални импликации (усогласен со Министерството за транспорт и Министерството за финансии), ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт веднаш да започне постапка за јавна набавка на вкупно 100 возила од кои: 90 мали комерцијални товарни возила фургон со носивост до 750кг и волумен од 3 до

4,5 м3 и 10 големи комерцијални товарни возила фургон со носивост до 1800 кг и волумен од минимум 9 м3, согласно наведената техничка спецификација, кои се ургентно потребни за обнова на возниот парк на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, во државна сопственост.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредните години за спроведување на постапка за јавна набавка за услуги за физичко обезбедување во технолошките индустриски развојни зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 55.500.000,00 денари за спроведување на постапка за услуги за физичко обезбедување во технолошките индустриски развојни зони, со следниот начин и динамика:

- 2025 година = 9.250.000,00 денари
- 2026 година = 18.500.000,00 денари
- 2027 година = 18.500.000,00 денари
- 2028 година = 9.250.000,00 денари

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, средствата во висина од 55.500.000,00 денари за 2026 година, 2027 година и за наредните години да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за Ресертификација за ИСО 9001:2015 и ИСО 37001:2016 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 424.800,00 денари за спроведување на постапка за јавна набавка за ресертификација за ИСО 9001:2015 и ИСО 37001:2016, со следниот начин и динамика:

- 2025 година = 254.880,00 денари;
- 2026 година = 84.960,00 денари;
- 2027 година = 84.960,00 денари.

2.Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони средствата во висина од 424.800,00 денари за 2026 и 2027 и наредни години да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Џагатај кабло отомотив електрик Системлери ДООЕЛ Илинден и Компанијата Џагатај кабло санаји ве тиџарет А.Д. (ÇAĞATAY KABLO SANAYİ VE TİCARET A.Ş.), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Џагатај кабло отомотив

електрик системлери ДООЕЛ Илинден и Компанијата Џагатај кабло санаји ве тиџарет А.Д. (ÇAĞATAY KABLO SANAYİ VE TİCARET A.Ş.)-корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог-анекс Договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.09-795/1 од 28.4.2015 година, солемнизиран кај нотар Искра Кировска од Штип под ОДУ 207/2015 на 28.4.2015 година, вклучително со Анекс-договор бр.1 заведен под арх.бр.09-1660/1 од 29.11.2016 година, солемнизиран кај нотар Искра Кировска од Штип под ОДУ 701/2016 на 30.11.2016 година, склучени помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Штип, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство Кондево РГ ДООЕЛ Скопје како закупопримач, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Штип и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Штип, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство Кондево РГ ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, заведено кај закуподавачот под бр.09-795/1 од 28.4.2015 година вклучително со Анекс бр.1, заведен кај закуподавачот под бр. 09-1660/1 од 29.11.2016 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-анекс Договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.12-710/1 од 26.4.2024 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, под ОДУ број 1492/24 на 13.12.2024 година, вклучително со Анекс-договор бр.1 заведен под арх.бр.12-199/1 од 16.1.2025 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, под ОДУ број 50/24 на 17.1.2025 година, склучени помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Шахтерм МК ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, со текст на Предлог-анекс Договор бр.2 и предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс-договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ШАХТЕРМ МК ДООЕЛ Скопје, заверен кај закуподавачот под арх.бр.12-710/1 од 26.4.2024 година и Анекс-договорот бр.1, заверен кај закуподавачот под арх.бр.12-199/1 од 16.1.2025 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-анекс Договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.12-751/1 од 17.5.2024 година,

солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје под ОДУ број 528/24 на 17.5.2024 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг Енерго систем инсталации ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како закуподавач и Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг Енерго систем инсталации ДОО Скопје, како закупец на земјиште, заведен кај закуподавачот под бр.12-751/1 од 17.5.2024 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на постапка за спогодбено раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фото напонска електроцентрала во технолошка индустриска развојна зона Струга бр.05-129/16 од 2.5.2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за спогодбено раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонска електроцентрала во Технолошка индустриска развојна зона Струга бр.05-129/16 од 2.5.2024 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Точка 14**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Технолошко индустриските развојни зони за период од 1 јануари 2024 до 31 декември 2024.

**Точка 15**

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2024 година.

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2025 година.

**Точка 17**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 18**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (5 патнички моторни возила).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје (недвижна ствар–стан, кој се наоѓа на ул. „Радушка“ бр.14А во Скопје, на КП бр.6206/3, КО Ѓорче Петров 6-Ѓорче Петров).

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект ГП 3.9 Реонски Центар Аеродром во Скопје.

**Точка 23**

Владата ги донесе:

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станови, локали, магацини и паркинг места во подрум бр.02-4407/3-1 од 18.5.2020 година и

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект ГП 1.12 Реонски центар Аеродром во Скопје бр.02-4407/3-2 од 18.5.2020 година.

**Точка 24**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

**Точка 25**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила, за старо железо).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумнаесеттата одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на енергија „ЦММ енерѓи компани" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствар на Општина Радовиш.

**Точка 32**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Конвенцијата за Бирото на Европската конференција за цивилно воздухопловство, со усогласен текст на Конвенцијата и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Конвенцијата за Бирото на Европската конференција за цивилно воздухопловство.

2. Го определи Драги Стојаноски, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата за Бирото на Европската конференција за цивилно воздухопловство.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство на електрична енергија М енерџи груп Ник ДОО Штип, Друштвото за производство трговија и услуги Дам енерџи ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство на електрична енергија Биг мега Македонија - Штип солар ОНЕ ДООЕЛ Скопје, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за отфрлање на Барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство на електрична енергија М Енерџи Гроуп Ник ДОО Штип (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

2. Ја донесе Одлуката за отфрлање на Барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство трговија и услуги Дам Енерџи ДООЕЛ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

3. Ја донесе Одлуката за отфрлање на Барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство на електрична енергија Биг Мега Македонија – Штип Солар ОНЕ ДООЕЛ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живорад Гелов, ул. „Никола Карев“ бр.9, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на проект финансиран од Зелениот климатски фонд–Подобрување на отпорноста во Република Северна Македонија преку интегрирање на адаптацијата во процесите на планирање, односно подготовка на Национален план за адаптација, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Програмата за развој на Обединетите нации и Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Даме Димитровски, специјален советник на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и национален координатор кон Зелениот климатски фонд, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Програмата за развој на Обединетите нации и Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во меѓународното здружение за развој.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина–варовник на локалитетот „с.Бороец“, Општина Струга од Трговското услужно друштво Ам-ис транс увоз-извоз, с.Велешта, Струга ДООЕЛ на Трговското друштво за производство трговија и услуги Номас 79 ДООЕЛ, увоз-извоз Охрид.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на Државна урбанистичка планска документација за изработка на бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М1, м.в. „Чукур Балар“, КО Караслари–Општина Велес, одобрена со Решение бр.16-3692/3 од 4.10.2011 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт да го поништи Решението Бр. 16-3692/3 од 4.10.2011 година со кое се одобрува Државна урбанистичка планска документација за изработка на бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М1, м.в. Чукур Балар, КО Караслари – Општина Велес со тех. бр. Н 2010 од септември 2011 година, изработена од Агенција за планирање на просторот – Скопје.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Владата на Република Северна Македонија да достави предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изградба на ,,Бензинска пумпна станица и услужен центар во регионалет пат Р 526", м.в. Корија, КО Чалешево и КО Велес, Општина Велес  бр. 51-4510/1 од 31.8.2011 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 126/11).

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го поништи Решението за услови за планирање на просторот бр. 15-10063/3 од 14.12.2010 година.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај и Меморандум за разбирање помеѓу воздухопловните власти на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба и усогласен текст на Меморандум и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу воздухопловните власти на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија.

3. Се определува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

4. Се овластува Снежана Филиповска Павлеска, шеф на Делегацијата, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу воздухопловните власти на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект доставено од ДПТУ ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект – фото напонска електроцентрала на објекти на Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект ФЕЦ Битола 1 на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект – фотонапонска електроцентрала ФЕЦ Битола 1 на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од ДПЕ Сушево 1 ДОО Скопје, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект–фото напонска електроцентрала ФЕЦ Сушево 1 на Друштвото за производство на енергија Сушево 1 ДОО Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од ДППЕЕОИ Еуроеса Енерџи ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство и промет со електрична енергија од обновливи извори Еуроеса Енерџи ДООЕЛ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 44**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Грандсолар увоз-извоз ДОО Скопје, Друштвото за производство, трговија и услуги Алба енерги груп ДООЕЛ – Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Хек солар МК ДОО Негрево, Пехчево, со предлог-одлуки.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство на енергија М енерџи гроуп НИК ДОО Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект-фотонапонска електроцентрала ФЕЦ Сушево 2 на Друштвото за производство на електрична енергија М енерџи гроуп НИК ДОО Штип (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на енергетски објект ФЕЦ Долани на Друштвото за производство на електрична енергија Биг енерџи солутионс ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект - Фотонапонска електроцентрала ФЕЦ Долани на Друштвото за производство на електрична енергија БИГ ЕНЕРЏИ СОЛУТИОНС ДООЕЛ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–кварц на локалитетот „Остреж”, Општина Штип.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавното претпријатие „Камена Река“- Македонска Каменица.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии- Управата за имотно правни работи).

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари (возила) за потребите на Министерството за правда, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено поправната установа – Казнено поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес (скенер за преглед на содржина на пратки).

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереник Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог на Национален акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија (2025-2029), со текст на Национален акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Националниот акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија (2025-2029).

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од три месеци да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на „Детската недела“ со конкретни решенија за спроведување на истата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа, до Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од седум дена, да номинираат по едно лице за член во работната група за измени на Законот за заштита на децата.

2. Се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа во рок од седум дена до Министерството за социјална политика, демографија и млади да номинира едно лице за член во работната група.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 15 дена да оствари средба со УНИЦЕФ, со цел вклучување во изработка на измените на Законот за заштита на децата.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика демографија и млади во рок од 15 дена да оствари средба со Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија, со цел вклучување во изработка на измените на Законот за заштита на децата и изработка на нов концепт за „Детска недела“, во согласност со современите потреби на децата и правата од Конвенцијата за правата на детето.

5. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок 60 дена да подготви и до Владата да достави Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца–детска градинка „Алја”–Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца-детска градинка „Алја”-Тетово.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, согласно член 10 став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

Истовремено, Владата заклучи, Предлог-решението за именување на членови на интер–ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите да се

разгледа по објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и влегување во сила на Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на лицата кои живеат во поранешниот објект на ЈУ Завод за згрижување, воспитување и ресоцијализација на деца и младинци „Ранка Милановиќ" Гази Баба, Скопје и согласно расправата на седницата на Владата, ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт во соработка со Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење на Републиката - Скопје во координација со Кабинетот на министерот без ресор за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 да мапираат соодветни локации за изградба на домови за семејствата, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

2. Се препорачува на Град Скопје активно да се вклучи во изнаоѓање на земјиште, носење ДУП и финансиски средства за поддршката и имплементацијата на овие активности, со цел успешна реализација на проектот, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја разгледа можноста за изградба на домови за лицата од напуштениот дом „Ранка Милановиќ“, а направената анализа да ја достави до Кабинетот на министерот без ресор за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, да спроведат активности за обезбедување на целосна здравствена грижа за лицата од оваа група преку јавни здравствени установи и редовни прегледи со матични лекари, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

5. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Министерството за образование и наука и во координација со Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 да подготват план за обезбедување поддршка од образовен и социјален аспект за овие семејства, лицата кои живеат во напуштениот дом „Ранка Милановиќ“, вклучувајќи доделување на социјална заштита и социјална помош при процесот на ресоцијализација, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матични книги да проверат дали сите лица имаат потребна документација, вклучувајќи извод на родени, лични карти, државјанство и пасоши, за да се обезбеди нивна граѓанска регистрација, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

7. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да им понуди поддршка за работа на лицата кои живеат во напуштениот дом „Ранка Милановиќ“, како и да обезбеди за нив соодветни програми за вработување и обука за развој на вештини, најдоцна до 31 октомври 2025 година.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока

интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2025 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државно музичко училиште – Битола).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Тихомир Милошевски“ Скопје).

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“ с. Црнилиште, Долнени).

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден, Илинден).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе).

**Точка 66**

Владата ги донесе:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински“) и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Владо Тасевски“).

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ОУ „Лирија“, с.Горно Јаболчиште).

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Христо Узунов“).

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ п.о. Василево)

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тоде Хаџи – Тефов“ Кавадарци).

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино).

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Братство-Единство“, с. Средно Коњари).

**Точка 73**

Владата ги донесе:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с.Доброште-Теарце) и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Еќрем Чабеј“, с.Слатино, Теарце).

**Точка 74**

Владата на Република Северна Македонија го разгледа Предлогот на закон за Инспекторат за државни инсигнии, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлогот на закон се предвидува организирање на ефикасен централизиран систем на инспекциски надзор и постапување и институционални механизми на ефективна контрола над спроводувањето на почитувањето на државните симболи и инсигнии (грб, знаме и химна), односно, се предлага да се уреди основањето, надлежноста, внатрешната организација и постапките на инспекциски надзор на Инспекторатот за државни инсигнии, како орган во состав на Министерството за правда.

Со оглед на фактот што со овој закон се врши следење на правилната, доследна и ефективна примена на одредбите од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/97 и 110/08) и Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/05 и 134/07), се укажува дека истиот не може да се носи во скратена постапка, туку во процес на широка јавна дебата.

Во делот на прекршочните одредби, се укажува дека истите не се усогласени со член 10 став 4 и член 26 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 253/23). Имено треба да се направи усогласување на висините на глобите на одговорните лица. Овие глоби не можат да бидат повисоки од 500 евра во денарска противвредност.

Исто така, што се однесува до предвидените глоби за правните лица треба да се има предвид и одредбата од член 10 став 4 од Законот за прекршоците, согласно кој „За делата определени со закон прекршочно се одговорни сите правни лица, со исклучок на Република Македонија, државните органи и советите на локалната самоуправа.“

Притоа е наведено дека спроведувањето на Предлогот на закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, поточно Министерството за правда, но истите не се квантифицирани.

Имајќи предвид дека формирањето на нови институции повлекува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, поврзани со функционирањето на истите, Владата укажува дека не може да поддржи предлог со кој би се формирале нови институции и воедно укажува дека во рамки на среднорочните фискални проекции не се планирани средства за оваа намена.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија е на мислење дека е нецелисходно донесувањето на Предлог на закон за Инспекторат за државни инсигнии и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 75**

Владата на Република Северна Македонија го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик предлагачот наведува дека истиот е во насока на подобрување на изборниот процес и обезбедување на еднакво, демократско и слободно избирачко право, како и постапување по препораките на Мисијата за набљудување на избори за претседателските избори на 24 април, како и за парламентарните избори на 8 мај 2024 година и истовремениот втор круг од претседателските избори на ОДИХР.

Согласно со член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 5 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и политичкиот плурализам и слободните, непосредни и демократски избори.

Според членот 22 од Уставот, Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Согласно член 23 од Уставот, Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Исто така со Изборниот законик се уредува начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водењето на Избирачкиот список, определувањето на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Во предложениот текст на членот 5 се предвидува по членот 60 да се додадат два нови наслови и два нови члена 60-а и 60-б, кои гласат:

Член 60-а
„Подносител на листа на кандидати за пратеници со собрани потписи

(1) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

(2) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП, односно конзуларните канцеларии на образец пропишан од Државната изборна комисија.

Подносител на листа на кандидати за членови на совет и градоначалник со собрани потписи

Член 60-б

Кога подносител на листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи, е потребно да се соберат:
- во општината до 10.000 избирачи најмалку 100 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 10.001 до 20.000 избирачи најмалку 200 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 20.001 до 30.000 избирачи најмалку 300 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 30.001 до 40.000 избирачи најмалку 400 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 40.001 до 50.000 избирачи најмалку 500 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 50.001 до 60.000 избирачи најмалку 600 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 60.001 до 70.000 избирачи најмалку 700 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 70.001 до 80.000 избирачи најмалку 800 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 80.001 до 90.000 избирачи најмалку 900 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината над 90.001 избирачи најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината и б
- во градот Скопје најмалку 3.500 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список на подрачјето на градот Скопје.“.

Владата на Република Северна Македонија во однос на предложениот член 5 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, дава негативно мислење поради следното:

На универзално ниво, член 25 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права предвидува дека „Секој граѓанин има право и можност, без никаква дискриминација и без неосновани ограничувања:

а) да учествува во управувањето со јавни работи или непосредно или преку слободно избрани претставници;

б) да избира и да биде избран на периодични, автентични, општи, еднакви и тајни избори, што обезбедуваат слободно изразување на волјата на избирачите;

в) да биде примен по општи и еднакви услови во јавните служби на својата земја“.

На ниво на Европа, слични гаранции се предвидени со член 3 од Протоколот бр. 1 кон Европската конвенција за човекови права, иако тој се применува само на изборите за законодавното тело, а не и на локално ниво. Според член 3 од Протоколот бр. 1 кон Европската конвенција, државите договорни страни се обврзуваат да одржуваат слободни избори во разумни временски периоди со тајно гласање под услови со кои ќе се обезбеди слободно изразување на мислењето на луѓето во изборот на законодавниот орган.

За локалните избори ова право е гарантирано со член 1 од Дополнителниот протокол на Европската повелба за локална самоуправа кој го формулира како право да се учествува во работите на локалните власти.

Основно правило што е застапено во сите меѓународно правни документи во врска со пасивното избирачко право е дека правната рамка треба да обезбеди натпревар на сите политички партии и кандидати на изборите врз основа на принципот на еднаков третман пред законот.

Ставовите 7.5. и 7.6 од Документот на ОБСЕ од Копенхаген (1990) утврдува стандарди во оваа смисла. Ставот 7.5. бара на граѓаните да им биде дозволено „да се кандидираат за политичка или јавна функција, поединечно или како претставници на политичките партии или организации, без дискриминација".

Независните кандидати, Владата цени дека се лица чија номинација не произлегува од политичките партии, туку тоа се поединци кои не се членови на политичка партија и кои не се вклучени на изборната листа на ниту една политичка партија. Како што се наведува во меѓународните документи, посебно во Документот на ОБСЕ од Копенхаген, државите мора да го почитуваат правото на граѓаните да се кандидираат за политичка или јавна функција поединечно или како претставници на политичките партии, без каква и да било дискриминација, со што практично се нагласува принципот на недискриминација во правото на кандидирање помеѓу независните кандидати и кандидатите што се членови на политичките партии.

Во Конечниот извештај на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за набљудувањето на локалните избори одржани во 2021 година, се укажува дека во практиката, потребниот број потписи за поддршка на независните советници варирал помеѓу 0.4% и 5% од запишаните избирачи во соодветната општина што е спротивно на меѓународната добра пракса и принципот на еднаква можност за кандидирање на избори. Во однос на ова е укажано дека за да се обезбедат еднакви можности во правото да се кандидираат сите кандидати, потребниот број потписи за поддршка на независните кандидати треба да биде пропорционален на реалниот број регистрирани гласачи по изборна единица, поради што било препорачано да се разгледа можноста за стандардизирање на потребниот број потписи на најмногу 1% од регистрираните гласачи во согласност со меѓународната добра пракса.

Во оваа насока Владата на Република Северна Македонија смета дека за да се обезбедат еднакви можности во правото да се кандидираат сите кандидати, потребниот број на потписи за поддршка на независни кандидати за градоначалник на општина и кандидати за членови на совет да е пропорционален на реалниот број на регистрирани гласачи во соодветна општина, поради што Владата препорачува да се разгледа можноста за стандардизирање на потребниот број потписи на најмалку 0.95% од запишаните избирачи во Изводот од избирачкиот список за општината, односно Градот Скопје.

**Точка 76**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за економија и труд да достави заедничко мислење подготвено во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за одбрана.

## Точка 77

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021 година - јуни 2025 година и Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јануари 2025 година - јуни 2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Предметните извештаи се во функција на исполнување на законската обврска, согласно член 43 став (2) точка 1 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, и 58/24), според кој Националниот совет го следи развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност.

Од целокупниот материјал во прилог може да се констатира дека Националниот совет во својот четиригодишен мандат постапувал, согласно законските надлежности наведени во член 43 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25) и во значителна мера ги реализирал сите предвидени обврски.

Извештајот содржи релевантни податоци и анализи за состојбите во високото образование и научно-истражувачката дејност, при што се истакнати постигнатите резултати, тековните предизвици и идните насоки за развој на овие два важни сегмента. Посебно позитивно се оценува посветеноста на Националниот совет за усогласување на националните политики со европските и меѓународните стандарди и практики, како и фокусот за подигнување на квалитетот на високото образование и научно-истражувачката дејност.

Во однос на делот кој се однесува на законската обврска, односно изготвувањето на уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование и уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност, се укажува дека во овој период не се изработени и донесени уредбите за финансирање. Наместо овие два документа, изработени и разгледани се концепти за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност, со образложение дека поради тековните измени на Законот за високото образование и Законот за научноистражувачка дејност, Националниот совет нема законска база за изготвување релевантен текст на предлог-уредби кои би ги доставиле до Владата за нивно усвојување. Концептите претставуваат основа за понатамошна нормативна разработка.

Исто така, се констатира дека во четиригодишниот мандат, иако од страна на Националниот совет е изготвена уредбата за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, истата не е донесена од Владата на Република Северна Македонија.

Се препознаваат напорите на Националниот совет, како важен придонес кон долгорочното унапредување на системот на високото образование и научно-истражувачката дејност, со конкретни придобивки за студентите, академската заедница, како и за економијата и општеството во целина и по однос на доставените документи нема дополнителни забелешки.

Во воведниот дел и во текстот на извештаите ќе треба да се наведе точниот назив на Законот за високото образование*. Освен тоа, во воведниот дел на Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за периодот јануари 2025 – јуни 2025 година, ќе треба да се додадат и бр. 178/21 и 58/24 на „Службен весник

на Република Северна Македонија“ во кои се објавени изменувања и дополнувања на Законот за високото образование.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење со гореизнесените укажувања, по однос на Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за периодот јануари 2025 – јуни 2025 година и Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за периодот јуни 2021 – јуни 2025 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10040, за КО Илинден, на КП бр.2438/41, викано место/улица „Барутница“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 79**

1. Владата за членови на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост ги избра:

- Мики Бурнески и
- Бетим Амети.

2. Владата ја именува Даниела Димовска за прв вршител на должноста директор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата им утврди престанок на мандатот согласно со закон на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и тоа:

- Александра Мурганиќ Ацковска,
- Маја Кочијева,
- Кокан Трпков,
- Ангел Купанов и
- Нури Садики.

4. Владата му утврди престанок на мандатот согласно со закон на Никола Додов, вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој.

5. Владата им утврди престанок на мандатот согласно со закон на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој и тоа:

претседател на Управниот одбор
- Иво Николов

членовите на Управниот одбор
- Благоја Денковски,
- Кирил Ковчегарски,
- Бојана Наумоска,
- Нада Цветкоска и
- Маријана Ѓорѓиевска.

6. Владата ја разреши Билјана Стефаноска, од должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, на нејзино барање.

7. Владата ја именува Билјана Стефаноска за национален координатор за развој и промоција на туристичката дејност и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го именува Љатиф Арифи за национален координатор за комуникација и медиуми и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, со која,

-во табелата по точка „32 Национален координатор за туризам-2,55", се додава нова табела и точка 32-а и точка 32-б, кои гласат:

„

| | | |
|---|---|---|
| 32-а | национален координатор за развој и промоција на туристичката дејност | 2,55 |
| 32-б | национален координатор за комуникација и медиуми | 2,55 |

"

и
-по точка: „107 Заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија- 2,71", се додава нова табела и точка 107-а, која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 107-а | директор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија | 2,40 |

".

10. Владата ја именува Габриела Трајковска за заменик-член на Комисијата за жалби. (Централен регистар на Република Северна Македонија).

11. Владата го разреши Горан Милчовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје, поради истек на мандатот.

11.1. Владата го именува Марјан Јовевски за вршител на должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје.

12. Владата го разреши Еџевит Кадри од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје.

12.1. Владата го именува Аљен Деаровски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје.

13. Владата го именува Борче Кракутовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Берово.

14. Владата го разреши Ељвис Муслији од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, на негово барање.

14.1. Владата го именува Аднан Сејфулаји за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

15. Владата ја именува Снежана Трајкова за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, претставник од Советот на општината.

16. Владата ја разреши Христина Трајкоска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

16.1. Владата го именува Славе Василев за член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

17. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица'' – Кичево, на нивно барање, ги разреши:

- Александар Димитров и
- Маја Сиљаноска.

17.1. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица'' – Кичево, ги именува:

-Милица Спироска и
- Јован Којчески.

18 .Владата го разреши Харкан Мемеди од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" – Чаир, Скопје, поради судир на интереси.

19. Владата им утврди престанок на мандатот на определените претставници на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје:

-проф д-р Емилија Симовска,
-Рубинчо Белчески и
-Василка Георгиева.

19.1. Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје ги определи:

-д-р Димитри Чапканов, Институт за интелектуална сопственост,
-проф. д-р Дејан Борисов, Православен богословски факултет и
проф. д-р Елизабета Димитрова, Филозофски факултет-Институт за уметност.

20. Владата им утврди престанок на мандатот на определените претставници во Советот на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје:

-проф. д-р Славица Србиновска,
-Весна Костовска и
-д-р Владимир Мартиновски.

20.1. Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје ги определи:

-д-р Ели Луческа, Институт за старословенска култура,
-д-р Маријан Ивановски, Институт за национална историја и
-проф. д-р Тони Јакимовски, Филозофски факултет-Историја со археологија.

21. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за интелектуална сопственост бр.02-122/1 од 30.7.2025 година, со која за директор на ЈНУ Институт за интелектуална сопственост, се избира научен соработник д-р Надица Николоска.

22. Владата за членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Нехтенин“ Штип, ги именува:

- Ванчо Саракинов,
- Христина Костадинова и
- Лазар Хаџи Николов.

Именуваните членови на Училишниот одбор-претставници на основачот, должноста ќе започнат да ја вршат од 1 септември 2025 година.

23. Владата за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното основно училиште за ученици за возрасни и деца во воспитно-поправни установи „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје го именува Мартин Атанасовски.

Именуваниот член на Училишниот одбор-претставник на основачот, должноста ќе започне да ја врши од 1 септември 2025 година.

24. Владата за членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Ѓорѓи Наумов“ Битола, ги именува:

- Марија Ангелковска Марковска,
- Тања Трајчевска и
- Сашо Макриовски.

Именуваните членови на Училишниот одбор-претставници на основачот, должноста ќе започнат да ја вршат од 1 септември 2025 година.

25. Владата врз основа на член 42 став (1) алинеја 2 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21, 58/24 и 124/25) заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, да ги избере:

- проф д-р Ана Тромбева – Гаврилоска, Архитектонски факултет,
- доц. д-р Марко Спасов, Медицински факултет,
- проф. д-р Бејтула Демири, Правен факултет и
- проф. д-р Мурат Алиу, Универзитет Мајка Тереза.

**Точка 80**

**1.** Владата по повод одбележувањето на трагичниот настан кај Карпалак кој се случи на 8 август 2001 година и трагичниот настан кај месноста Љуботенски бачила на 10 август 2001 година, ги донесе следните заклучоци:

1) По повод одбележувањето на масакрот кај Карпалак, на 8 август 2025 година (полагање цвеќе во 9 часот кај месноста Карпалак и во 13 часот во Прилеп - комплекс Карпалак плоштад во Прилеп):

Во Карпалак :

1. Љупчо Димовски – Заменик претседател на Владата задолжен за политички систем;
2. проф.д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука;
3. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања;

Во Прилеп :

1. Марјан Ристевски, заменик на министерот за економија;
2. м-р Ане Лашковска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање;
3. д-р Лазе Јакимоски, заменик на министерот за јавна администрација;

2) По повод одбележувањето на масакрот кај Љуботенски бачила на 10.8.2025 година (полагање на цвеќе пред споменикот на жртвите во касарната Илинден и Љуботенски бачила во близина на с.Љуботен почнувајќи од 10 часот):

- Игор Филков – министер за правда;
- м-р Стефан Андоновски – министер за дигитална трансформација.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за сите делегации за сите настани, како и превоз на делегациите до местото каде ќе се одбележува настанот.

**2.** Владата заклучи Заклучокот под реден број 1 донесен по Информацијата во врска со пријавувањето во задолжително здравствено осигурување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица), согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за здравственото осигурување, во процесот на регистрација/пререгистрација во здравственото осигурување ,од Нацрт – записникот од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година, да се измени и да гласи:

„Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за здравство и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, да изготват предлог за нов начин на пријавување, утврдување на својство на осигурено лице и одјавување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица) и за истиот во рок од шест месеци да ја информираат Владата“.

**3.** Владата на барање на д-р Азир Алиу, министер за здравство, а во врска со спроведувањето на Договорот за јавно приватно партнерство за стерилизација во клиниките помеѓу Министерството за здравство и фирмата „Скопстер“, го задолжи д-р Азир Алиу, министер за здравство, да започне преговори со фирмата „Скопстер“ за прекинување или продолжување на Договорот за јавно приватно партнерство и потоа да ја извести Владата за исходот од преговорите.

**4.** Владата по Барањето за измена на Заклучокот бр.1 и Заклучокот бр.2 од Точка 5: „Информација за организација во врска со одбележување на денот на потпишување на Охридскиот рамковен договор“, од Нацрт-записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2025 година, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во периодот од 12 до 14 август 2025 година, да обезбеди угостителски услуги во Клубот на органите на државната управа, како и кетеринг услуги на Гала концертот, кој ќе се одржи во просториите на Филхармонија на Република Северна Македонија на 13 август 2025 година, авионски превоз на делегации и гости кои доаѓаат надвор од земјата и превоз со моторни возила на територијата на земјата за потребите на делегации и гости кои доаѓаат надвор од земјата.

2.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата Република Северна Македонија, во периодот од 12 до 14 август 2025 година, да обезбеди хотелско сместување на гостите кои доаѓаат надвор од земјата.“.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојба по однос на Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.179/23, У.бр.183/23, У.бр.187/23, У.бр.190/23 и У.бр.197/23 од 5.2.2025 година со која се поништува Законот за данок за солидарност и ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии имајќи ја предвид Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.179/23, У.бр.183/23, У.бр.187/23, У.бр.190/23 и У.бр.197/23 од 5.2.2025 година да преземе активности за решавање на настанатата состојба со правните лица кои го платиле данокот за солидарност и тоа на начин што враќањето на паричните средства да биде на две рати, односно првата исплата да биде во март 2026 година, а втората исплата во март 2027 година, без дополнителни побарувања по други основи од страна на даночните обврзници.

Доколку правните лица не се согласни со горенаведениот начин на враќање, на паричните средства, да се изнајде соодветен начин на враќање кој ќе биде на повеќе рати (но не повеќе од пет рати), при што првата исплата да биде во март 2026 година.

2) Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да предложи начин на исплата на средства по основ на уплатен данок за солидарност и по однос на предложениот начин на исплата да побара мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да даде мислење по однос на предложениот начин за регулирање на исплата на средства по основ на уплатен данок за солидарност.

4) Се задолжува Министерството за финансии по реализација на активностите за решавање и добивање на мислење од Државното правобранителество на Република Северна Македонија да ја извести Владата за постигнатите резултати, со цел преземање на натамошни дејствија.

**<u>Точка 81</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за проширување на дефиницијата за крајни корисници на средства од кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва воспоставена во Развојната банка на Северна Македонија со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 82</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 83</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2024 година, како материјал за информирање

**Точка 84**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2024 година, со Ревидиран финансиски извештај, за наредната седница на Владата, со заклучок Агенцијата за управување со одземен имот да достави Образложение за преземените активности од страна раководството на Агенцијата за надминување на констатираните неправилности во работењето на Агенцијата, изнесени од страна на независниот ревизор, согласно укажувањата наведени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 86**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2025 година го разгледа Извештајот за реализацијата на Судскиот буџет за 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, му се укажува на Судскиот буџетски совет да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 87**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, за првото тромесечје, од 1 јануари – 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП ,,Национални шуми,“ - Скопје, за период јануари - март 2025 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, за прв квартал 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври-декември 2024 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно утврдени активности на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., по препорака од Државниот завод за ревизија, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за периодот 1.1-31.3.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ за периодот јануари–март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа Акцискиот план за преземени мерки по препораките од конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерство за финансии-Биро за јавни набавки, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија и труд.

**Точка 98**

Владата го разгледа Извештајот на Одборот за надзор на материјално финансиско работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, од извршениот надзор на материјално финансиското работење на Институтот, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија и труд.

**Точка 99**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари и

2. Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 101**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година, со дополнување и Предлог - одлука и да ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година.

**Точка 103**

Владата го одложи Барањето согласност на Ценовник за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 104**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари-меркантилна пченица.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ORION 25“, во Република Грција.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО активноста „Forward Land Forces-FLF“ во Република Летонија.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“, во Република Косово.

**Точка 108**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces-FLF“, во Република Бугарија.

**Точка 109**

Владата ја донесе Одлуката за реализација на НАТО вежбовна активност „Штабна вежба за нуклеарно командување, контрола и известување 25“ во Република Северна Македонија.

**Точка 110**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Ma-ple Arch 25“, во Република Полска.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CYBER COALITION 25“, во Република Естонија.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на Директорат за правни работи во Министерството за одбрана.

**Точка 113**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Talos 25“, во Република Грција.

**Точка 114**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CAMBRIAN PATROL 25“ во Обединетото Кралство.

**Точка 115**

Владата ја донесе Одлуката за реализација на вежба за „Кризен менаџмент со краток временски рок на активирање 25“ во Република Северна Македонија.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Предлог–лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „Златна Копачка-Еден“ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Борис Трајковски“ бр.198 Скопје-Кисела Вода за уплатно-

исплатното место во деловната просторија, која се наоѓа на ул.„Карл Либкнехт“ бр.58А, Гази Баба Скопје и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата за модернизација на радиолошките услуги во јавно здравство, ја усвои и формира меѓуресорска работна група со претставници од Министерството за здравство, Министерството за финансии и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, која ќе подготви детална анализа со фискални импликации за реализација на оваа активност и во рок од еден месец ќе ја достави до Владата.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за давање мислење за основање на Општинско основно училиште „Азем Марана“, с.Моране, Општина Студеничани, ја усвои Информацијата и даде позитивно мислење за основање на ново општинско основно училиште „Азем Марана“, с.Моране, Општина Студеничани.

**Точка 120**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година.

**Точка 121**

Владата повторно ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје за 2025 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 122**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со ревидиран Оперативен план, ја усвои Информацијата и го усвои ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.

**Точка 124**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2025 година, бр.50-4768/5 од 5.6.2025 година.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово и ја донесе Одлуката, со заклучок да се обезбедат позитивни мислења од Агенцијата за лекови и медицински средства и Министерството за финансии - Управа за имотно -правни работи и текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 126**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза" Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 127**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на договор за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Германскиот археолошки институт, со усогласен текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за завршени преговори со усогласен текст на Договорот за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Германскиот археолошки институт.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Германскиот археолошки институт.

3. Се овластува Зоран Љутков, министер за култура и туризам да го потпише Договорот за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Германскиот археолошки институт.

**Точка 128**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерството за економија и труд, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерство за економија и труд, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 129**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.